# ИНТЕРКУЛТУРНИ ДИЈАЛОЗИ ВО КОНТЕКСТ НА МАКЕДОНСКО-ТУРСКИТЕ КНИЖЕВНИ ВРСКИ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ

# MAKEDONYA VE TÜRK EDEBİYATLARI İLİŞKİLERİ BAĞLAMINDA KÜLTÜRLERARASI DİYALOGLAR

ULUSLARARASI SEMPOZYUM BİLDİRİ KİTABI

# INTERCULTURAL DIALOGUES IN THE CONTEXT OF MACEDOANIAN-TURKISH LITERARY CONNECTIONS

PROCEEDINGS OF THE INTERNATIONAL SYMPOSIUM

СКОПЈЕ / ÜSKÜP / SKOPJE 2024

**Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски**
**Makedonya ve Türk Edebiyatları İlişkileri Bağlamında Kültürlerarası Diyaloglar**
**Intercultural Dialogues in the Context of Macedonian-Turkish Literary Connections**

Издавач: **Институт за македонска литература – Скопје**
За издавачот: **проф. д-р Наташа Аврамовска**

Главни уредници / Düzenleme Komitesi
**проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер,**
**Prof. Dr. Emine İnanır**

Технички уредник
**м-р Билјана Јоновска-Стефковска**

Меѓународна редакција / Uluslararası Hakem Kurulu
**проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ** (РС Македонија), **проф. д-р Соња Стојменска-Елзесер** (РС Македонија), **проф. д-р Наташа Аврамовска** (РС Македонија),
**Prof. Dr. Emine İnanır** (Турција), **Prof. Dr. Mehmet Samsakçı** (Турција)

Рецензенти / Danışma Kurulu
**проф. д-р Ана Мартиноска**
**Prof. Dr. Türkan Olcay**

Лектор на македонските текстови
**Дениз Тесторидес**

Лектор на турските текстови / Türkçe Metin Editörleri
**Arş. Gör. (MA) Gamze Üçer Aktuğ**

Преведувач и лектор на македонските текстови на англиски јазик
**Емили Сапунџија**

Преведувач и лектор на турските текстови на англиски јазик / Türkçeden İngilizceye Çeviri
**Авторите / Yazarlar (Authors)**

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Изданието е објавено со материјална поддршка на
Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ СИМПОЗИУМ

# ИНТЕРКУЛТУРНИ ДИЈАЛОЗИ ВО КОНТЕКСТ НА МАКЕДОНСКО-ТУРСКИТЕ КНИЖЕВНИ ВРСКИ

одржан на Истанбулскиот универзитет
(6–7 ноември 2023 година)

ULUSLARARASI SEMPOZYUM BİLDİRİ KİTABI

# MAKEDONYA VE TÜRK EDEBİYATLARI İLİŞKİLERİ BAĞLAMINDA KÜLTÜRLERARASI DİYALOGLAR

İstanbul Üniversitesi
(6–7 Kasım 2023)

PROCEEDINGS OF THE INTERNATIONAL SYMPOSIUM

# INTERCULTURAL DIALOGUES IN THE CONTEXT OF MACEDONIAN-TURKISH LITERARY CONNECTIONS

held at Istanbul University
(6$^{th}$–7$^{th}$ November 2023)

УРЕДНИЦИ

проф. д-р МАЈА ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ,
проф. д-р СОЊА СТОЈМЕНСКА-ЕЛЗЕСЕР
и проф. д-р ЕМИНЕ ИНАНИР

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА – СКОПЈЕ
2024

**Организациски одбор / Düzenleme komitesi:**

проф. д-р Маја Јакимовска–Тошиќ
проф. д-р Соња Стојменска–Елзесер
проф. д-р Наташа Аврамовска
Prof. Dr. Emine İnanır
Prof. Dr. Mehmet Samsakçı

**Секретари / Sekretarya**

м-р Билјана Јоновска Стефковска
м-р Марина Цветаноска
PhD Cemile Odunkıran
Arş. Gör. (M.A) Gamze Üçer Aktuğ
Arş. Gör. (M.A) Abdullah Çağan Er

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

82.091(497.7+560)(062)
930.85(497.7+560)(062)

ИНТЕРКУЛТУРНИ дијалози во контекст на македонско-турските
книжевни врски (2023 ; Истанбул)

Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски: зборник на трудови од меѓународен симпозиум / [главни уредници Маја Јакимовска-Тошиќ,Соња Стојменска-Елзесер, Emine İnanır; преведувач и лектор на македонските текстови на англиски јазик Емили Сапунџија] = Makedonya ve Türk Edebiyatları İlişkileri Bağlamında Kültürlerarası Diyaloglar: uluslararasi sempozyum bildiri kitabi = Intercultural dialogues in the context of macedoanian-turkish literary connections: proceedings of the international symposium. – Скопје: Институт за македонска литература, 2024. – 390 стр.; 25 см

Фусноти кон текстот. – Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4744-42-9

а) Културна историја – Македонија – Турција – Собири; б) Книжевни врски – Критики и толкувања – Македонија – Турција – Собири

COBISS.MK-ID 64620549

# СОДРЖИНА İÇİNDEKİLER CONTENTS


**ПРЕДГОВОР / ÖNSÖZ / PREFACE** . . . . . . . . . . 9 / 13 / 17

## ПОЗДРАВНИ ОБРАЌАЊА / AÇILIŞ KONUŞMALARI / GREETING MESSAGES

İstanbul Üniversitesi Edebiyat Fakültesi Slav Dilleri ve Edebiyatları Bölümü Başkanı Prof. Dr. Emine İnanır'ın Açılış Konuşması . . . . . . . . . . 21

Welcome Speech by the Head of the Department of Slavic Languages and Literature at the Faculty of Literature, Istanbul University, Prof. Dr. Emine İnanır, PhD . . . . . . . . . . 22

Поздравно обраќање на проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, раководител на проектот *Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски* . . . . . . . . . . 23

Welcome Speech of Prof. Dr. Maja Jakimovska-Toshikj, PhD Coordinator of the Project *Intercultural Dialogues in the Context of Macedonian-Turkish Literary Connections* . . . . . 25

Поздравно обраќање на проф. д-р Наташа Аврамовска, директорка на Институтот за македонска литература . . . . . . . . . . 27

Welcome Speech by Prof. Dr. Natasha Avramovska, PhD Director of the Institute of Macedonian Literature . . . . . . . . . . 29

İstanbul Üniversitesi Edebiyat Fakültesi Dekanı Prof. Dr. Sevtap Kadıoğlu'nun Açılış Konuşması . . . . . . . . . . 31

Welcome Speech by the Dean of the Faculty of Literature Istanbul University, Prof. Dr. Sevtap Kadioğlu, PhD . . . . . . . . . . 33

## ПРИЛОЗИ / BİLDİRİLER / CONTRIBUTIONS

**Илија Велев / Ilija Velev**

ОРИЕНТАЛНОТО ТУРСКО РАКОПИСНО НАСЛЕДСТВО ВО НАЦИОНАЛНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ (МАКЕДОНСКО-ТУРСКИ ИНТЕРКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ КАКО ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНОСТ) . . . . . 35

ORIENTAL TURKISH MANUSCRIPT HERITAGE IN THE NATIONAL AND UNIVERSITY LIBRARY “ST. CLEMENT OF OHRID” IN SKOPJE (MACEDONIAN-TURKISH INTERCULTURAL DIALOGUE AS TRADITION AND MODERNITY) . . . . . 55

**Маја Јакимовска-Тошиќ / Maja Jakimovska-Toshikj**

ОРИЕНТАЛНИТЕ МОТИВСКИ СЛОЕВИ И НИВНА ПРЕОБРАЗБА ВО МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА ПРОЗА . . . . . 69

ORIENTAL MOTIF LAYERS AND THEIR TRANSFORMATION IN MACEDONIAN MEDIEVAL PROSE . . . . . 87

**Şirin Tufan / Şirin Tufan**

MAKEDONYA VE TÜRK EDEBIYATLARI İLIŞKILERI KAVRAMININ KÜLTÜR KURAMI ÇERÇEVESINDE INCELENMESI . . . . . 103

REVISITING THE CONCEPT OF “MACEDONIAN AND TURKISH LITERATURES RELATIONS” WITHIN THE SCOPE OF CULTURAL THEORY. . . . . 113

**Emine İnanır, Lidija Tanturovska, Zoya Shengyuder**

COFFEE – A COMMON LINK IN MACEDONIAN-TURKISH DIALOGUES . . . . . 123

**Mumin Aliov / Mumin Aliov**

YAHYA KEMAL’İN KAYBOLAN ŞEHİR ŞİİRİ VE BLAŽE KONESKİ’NİN SKOPJE ŞİİRİ ÜZERİNE MUKAYESELİ BİR İNCELEME . . . . . 139

COMPARATIVE ANALYSIS OF YAHYA KEMAL’S „KAYBOLAN ŞEHIR“ AND BLAŽE KONESKI’S „SKOPJE“ POEMS . . . . . 149

**Соња Стојменска-Елзесер / Sonja Stojmenska-Elzeser**

ПРИЕМОТ НА ПОЕЗИЈАТА НА ТУРСКИОТ ПОЕТ ФАЗИЛ ХИСНИ ДАГЛАРЏА ВО МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА СРЕДИНА . . . . . 159

RECEPTION OF TURKISH POET’S FAZIL HÜSNÜ DAĞLARCA POETRY IN MACEDONIAN CULTURAL ENVIRONMENT . . . . . 171

**Наташа Аврамовска / Natasha Avramovska**
НА КРСТОПАТ: РОМАНОТ „ВЕЖБИ ЗА ИБН ПАЈКО“ ОД ОЛИВЕРА НИКОЛОВА . . . . . . . 183
AT A CROSSROADS: OLIVERA NIKOLOVSKA'S NOVEL "VARIATIONS FOR IBN PAJKO" . . . . 199

**Özlem Kurt / Ozlem Kurt**
KÜLTÜREL KESİŞMELER: VENKO ANDONOVSKİ'NİN "PAPOKOT NA SVETOT" ADLI ROMANINDA TÜRKİZMALAR. . . . . . . . . . 215
CULTURAL INTERSECTIONS: TURKISM IN VENKO ANDONOVSKY'S NOVEL "PAPOKOT NA SVETOT". . . . . . . . . . 231

**Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva**
ПОСТМОДЕРНИСТИЧКИ ПОЛОВ ИДЕНТИТЕТ ВО РАМКИТЕ НА ТУРСКОТО И МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО (врз примери од романите „Ноќта на зелената самовила“ од Ајфер Тунч и „Пеперутка“ од Сашо Тасевски). . . . . . . . . 245
POSTMODERNIST GENDER IDENTITY IN TURKISH AND MACEDONIAN SOCIETIES (with examples from the novels „The Night of the Green Fairy“ by Ayfer Tunç and „Butterfly“ by Saso Tasevski) . . . . . . . . . . 257

**Cemile Odunkıran / Cemile Odunkıran**
SAFİYE EROL'UN KURMACA METİNLERİNDE HÂFIZA MEKÂN OLARAK RUMELİ . . . . . . . . . 267
RUMELIA AS A REALMS OF MEMORY IN SAFIYE EROL'S FICTIONAL TEXTS . . . . . . . . . . . . 283

**Марина Цветаноска / Marina Cvetanoska**
ПУБЛИКАЦИИ НА МАКЕДОНСКИТЕ УЧЕБНИКАРИ ВО ЦАРИГРАДСКИТЕ ГЛАСНИЦИ ВО XIX ВЕК . . . . . . . . . . 301
PUBLICATIONS OF MACEDONIAN TEXTBOOK WRITERS IN MAGAZINES IN XIX CENTURY CONSTANTINOPLE . . . . . . . . . . 313

**Fatih Odunkıran / Fatih Odunkıran**
MAKEDONYA'NIN ŞÂİR ÇOCUKLARI: MEVLEVİLER. . . . . . . . . . 325
CHILDREN OF MACEDONIA: MEVLEVI POETS . . . . . . . . . . 349

**Билјана Јоновска Стефковска / Biljana Jonovska Stefkovska**
БАЛКАНСКИ КУЛТУРНИ ПРОНИКНУВАЊА НИЗ ПРИЗМАТА НА РОМАНОТ „БАЈАЗИТ И ОЛИВЕРА“ ОД ДРАГИ МИХАЈЛОВСКИ . . . . . . . . . . 373
BALKAN CULTURAL PERMEATION THROUGH THE PRISM OF DRAGI MIHAJLOVSKI'S NOVEL „BAYEZID AND OLIVERA“ . . . . . . . . . . 381

УДК 821.163.3-31:821.512.161-31].091
УДК 821.512.161-31:821.163.3-31].091

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева

Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
jasminamg@gmail.com

# ПОСТМОДЕРНИСТИЧКИ ПОЛОВ ИДЕНТИТЕТ ВО РАМКИТЕ НА ТУРСКОТО И МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

## (ВРЗ ПРИМЕРИ ОД РОМАНИТЕ „НОЌТА НА ЗЕЛЕНАТА САМОВИЛА“ ОД АЈФЕР ТУНЧ И „ПЕПЕРУТКА“ ОД САШО ТАСЕВСКИ)

**Апстракт:** Во трудот се тргнува од тезата дека комплексноста и контроверзноста на современиот свет ја иницира појавата на постмодернистичкиот полов идентитет во чии рамки се изделува опцијата за еманципација на жената која се истакнува со карактеристиките: свртеност кон себеси, самопочит, претпочитање на повеќезначноста, спонтано остварување на каква било цел (вклучително и љубовта), восприемањето на другите како живи емотивни единки итн. Низ опсежна анализа на случувањата во романите *Ноќта на зелената самовила* од Ајфер Тунч и *Пеперутка* од Сашо Тасевски се доаѓа до сознанието дека вреднувањето на нештата единствено преку призмата на машкоста во современото турско и современото македонско општество не е во согласност со изменетата улога на постмодерниот женски идентитет. Затоа автореферирачкиот дух на двете главни протагонистки од посочените романи постојано ја преиспитува перспективата низ која се согледуваат и вреднуваат женските индивидуи кои понекогаш стојат збунети пред опциите што се отвораат пред нив. Во трудот посебно е нагласен сè уште неизменетиот однос на средината кон еманципираната жена која и понатаму е третирана единствено како предмет на машките страсти. Како кулминациски расплет на бројните понижувачки настани и во двата романа победува женската решителност, храброст и упорност во борбата за справување со аномалиите на современото турско и современото македонско општество. На крајот од трудот се изнесуваат заклучоците дека анализираните примери на однесување и во двата романа се слични, со слични непримерни сфаќања при восприемањето и третманот на половите.

**Клучни зборови:** постмодернизам, полов идентитет, еманципација, патријархалност, машкост/женскост, третман на половите, автореферентност.

* * *

## Вовед

Идентитетот како извор на смислата на секое постоење и форма преку која се самоспознаваме, се дефинираме и се градиме себеси е важен за нас и нашиот однос спрема светот и општеството во кое живееме. Индивидуалниот идентитет е неминовно поврзан со општественото опкружување, но и со местото кое поединецот самиот си го доделува во општеството. Оваа спрега помеѓу личниот идентитет и општествените норми е во центарот на вниманието на професорката по психологија на културата – Женевјев Венсоно, која предност им дава на стекнатите наспрема вродените карактеристики на личноста, наведувајќи ги примерите со децата одгледувани од животни. Таа истакнува дека „начините да се стане човек не се истоветни, тие се разликуваат од едни до други општествени групи“ (Vensono, 2009: 78). Во својата анализа таа ги доведува структурите на традиционалните култури со хегемонијата во владеењето, наспрема модерниот културолошки развој кој секогаш се стреми да ги промени вообичаените претстави, вредности и знаења, оставајќи им простор на индивидуите да се преобразат и да се приспособат на промените. Идентитетот, според неа, претставува еволутивен развој преку кој општеството го осмислува битието. Може да се каже дека градењето на идентитетот е поврзано со општествените чинители, но и со карактеристиките и плановите на самата индивидуа.

Како таков тој е во корелација со промените кои настануваат во комплексното постмодерно општество, доследно следејќи ги и адаптирајќи се на нив. Во концептот на постмодернизмот, карактеристичен за западниот свет, меѓу другото, се повикува на рушење на дуалистичкиот принцип на владеење во кој доминира крутата, материјалистичка мачоизирана структура наспроти сè подоминантниот плуралистички принцип каде големо внимание им се посветува на заедниците од маргините, вклучувајќи ги тука и жените и нивната борба за рамноправност со мажите. Ваквите промени, како што пишував во книгата *Во потрага по себеси*, „се иницирани од новите историско-социјални состојби, на пример од промените во моделите на пазарот на трудот и моделите на вработување кои условуваат промена на вредносните системи и оддалечување од традиционалната патријархална структура“ (Мојсиева-Гушева, 2010: 50) каде мажот е задолжен за обезбедување на материјалната егзистенција, а жената е заробена во кругот на семејството. Овие новонастанати состојби на општествено ниво ја отвораат

перспективата на женската популација да направи исчекор од досегашниот начин на живот, да има право на избор, истовремено „овозможувајќи нови услови кои продуцираат нови идентификации“ (Woodward, 2002: 23) и градење на некој нов постмодерен идентитет кој се одликува со свои специфични карактеристики.

Во продолжение ќе ги разгледаме и споредиме основните карактеристики на постмодернистичкиот родов идентитет преку ликовите од романите *Ноќта на зелената самовила* од Ајфер Тунч и *Пеперутка* од Сашо Тасевски, ќе ги соочиме нивните размислувања на посочената тема преку поопсежна анализа на случувањата во дадените романи, тргнувајќи пред сè од фактот дека книжевноста дава клучен увид во состојбата на општеството. Таа овде ќе биде разгледана како една конкретна целина која го сочинува системот, презентирајќи ја филозофијата на животот во двете културни средини и промените кои настануваат со модернизацијата на општеството. Но, притоа не треба да ги заборавиме или занемариме сфаќањата за функцијата на постмодерната книжевност која не се состои само од тоа да ги открива вечните вистини за луѓето и нивните односи, туку како што многу теоретичари на постмодернизмот, меѓу кои и Џани Ватимо, велат „таа ни го дава чувството на дислоцираност и шок“ (Vattimo, 2008:78).

Токму такви се и овие два романа напишани со шокантен неонатуралистички израз кој успешно ги доловува изместените идентитети од општествените калапи на главните протагонистки во романите (проститутката од нужда Барбара од романот на Тасевски и безимена бескомпромисна жена од романот на Тунч). Нивните трагични судбини и страдања се пред сè иницирани од нивните бунтовни карактери, кои храбро му се спротивставуваат на светот кој според нивните опсервации е дезинтегриран, деморализиран, мачоизиран, целосно материјализиран, полн со предизвици на кои тие успешно им се спротивставуваат. Опстојувањето во таквиот свет е единствено можно и условено од формирањето на еден нов постмодернистички идентитет кој гради сосема поинакви релации со другите од дотогаш вообичаените.

## Карактеристики на постмодернистичкиот полов идентитет

Историскиот процес на создавање на културни идентитети продолжува и во епохата на постмодернизмот каде една од најважните карактеристики на целиот процес е толеранцијата кон различностите. И не станува збор само за слобода во однос на различните сфаќања, мислења и однесувања, туку се работи за позитивна насоченост кон целосното прифаќање на странците, жените и другите

маргинализирани групи, со сите нивни особености и разлики. На тој начин се создаваат плуралност и повеќезначност во сфаќањата и толкувањата на односите со другите, кои секому му обезбедуваат достоинствено место во општеството.

Вреднувањето на индивидуалните карактеристики, свртеноста кон единките, кон нивните желби и соништа се типични за модерните општества. Во нив како да се губи цврстата структура и доминација на посилните и побројните единки – карактеристични за традиционалните средини, наспроти сè поголемата грижа за заштита на немоќните и слабите. На цена се спонтаноста, непредвидливоста, слободното говорење и изнесување на мисли и чувства кои се воспримаат како природно однесување и како квалитети типични за женската популација. Во нив првенствено женските индивидуи градат еден нов постмодернистички проектен идентитет со сите претходно набројани карактеристики, подготвен да им се спротивстави на типично машките традиционални општества какви што се македонското и турското. Во продолжение, преку соодветни примери од двата романа ќе посочиме конкретно за кои идентитетски карактеристики станува збор.

## Свртеност кон себеси

Во центарот на вниманието на постмодернистички ориентираната индивидуа е свртеноста кон себеси, кон своите потреби и желби, длабоки пориви и мечти. Нејзиниот автореферирачки дух често стои исправен пред перспективата низ која се согледува и вреднува, застанувајќи понекогаш збунет пред многубројните опции кои се отвораат пред неа. За неа може да се рече дека е во потрага на загубената смисла на сопствената егзистенција и смислата на светот што постојано се менува во насока на повеќезначноста и произволноста. Барањето на смислата на нештата преку процесот на самоспознавање е карактеристично за двата лика од посочените романи.

Кај Барбара таа потрага е манифестирана преку нејзините размислувања срочени во реченицата: „Морам да пронајдам некоја длабока смисла во стварите за да не се изгубам. Морам да поверувам дека нештата ги правам за некои повисоки цели“ (Тасевски, 2009: 39), кои се однесуваат на издршката на своето дете, преку кои протагонистката дава оправдување за својот беден живот и наоѓа некакво објаснување за својата професија, што ќе ја доведат до општествено оправдано поведение.

За разлика од неа, јунакињата од романот на Тунч воопшто не се труди да ги оправда своите постапки, постојано барајќи ја вината во некој друг: во презафатената мајка, во злобната баба, во татковата повреда и инвалидитет, во

себичниот партнер, обвинувајќи ги за негрижа и нељубов. Но, како што созрева, сѐ повеќе размислува за смислата на својот живот и длабоко тоне во депресивни самообвинувања, па вели: „Јас себе си се уништив ...обожавав да изгледам како жртва... Тоа беше мојата нарав. Истовремено беше и моето оружје. Но, секогаш се повредував самата себе“ (Тунч, 2013: 17).

И двете јунакињи се длабоко свесни за своите неморални и осудувани постапки, но тие секогаш бараат и изнаоѓаат причини да ги оправдаат: Барбара преку мајчинската грижа за потомството, девојката од романот на Тунч преку негрижата на семејството за неа и нејзината нарав. И двете се жртви на патријархалниот систем, кој од нив очекува да ги следат веќе поставените норми на однесување на кои тие очигледно најжестоко им се противат, кршејќи ги и нарушувајќи ги и по цена на самоомаловажување.

## Претпочитање на повеќезначната смисла на нештата

Во постмодернистичкиот концепт се крши дводимензионалноста на нештата и наместо неа се прибегнува кон повеќезначноста. Во разводнетиот свет поливалентноста е оправдано толкувана како начин на преживување, како нужност наметната од дневните потреби да се задоволат променливите ефемерни барања на помоќните од нас. Во таквиот свет, за да преживее Барбара (која инаку е сосема свесна за позицијата во која се наоѓа) е принудена да гради поливалентен идентитет, приспособувајќи се кон секого и кон секакви ситуации. Самата таа и не е нешто многу загрижена за моралот кога знае дека живее во општество во кое не се води многу сметка за другите. Пред нејзините очи се отвора еден цел свет на изопачени политичари, разгалени татини синови, сатанистички секти кои се претставуваат како загрижени душегрижници. Секој секого го залажува, оставајќи впечаток на лажен морал проследен со лицемерно однесување. Таа го прифаќа тоа размислувајќи „Луѓето не сакаат да ја слушаат вистината ... штом толку сакаат да ги лажам, ќе ги лажам ... нормално подобро за мене, а полошо за нив ... кога знаат дека имаш добро мислење за нив тогаш луѓето некако несвесно забораваат која си и почнуваат да ти зрачат топлина“ (Тасевски, 2009: 44).

Водена од сличниот мотив на преживување, кој речиси секогаш е надополнет со желбата да ги изнервира, шокира и казни членовите на блиското семејство (поради негрижата за неа) и сопругот (поради неговата лицемерност), девојката од романот на Тунч се впушта во флуидни врски со многу мажи. Таква е врската со басистот од бендот на сопругот, кој страсно ја посакува и ја уценува со нејзи-

ните тинејџерски порнографски фотографии. Но таа, иако чувствува само презир кон него, го заведува само за да го тестира и да види до каде е подготвен да оди во неговите изопачени замисли. Преку ваквото однесување таа истовремено го казнува и себичниот сопруг, кој не ѝ посветува доволно внимание.

> „Сите грозни ветувања, заводнички насмевки, фрлање јадици, провокации не ги правев од желба да легнам со басистот. Не го посакував човекот, само го тестирав...“ (Тунч, 2013: 26)

Или врската со механичарот Џемал (од тинејџерските денови), во која се впушта само за да ја казни мајка си зашто го напуштила татко ѝ кога останал инвалид и се омажила за гинекологот насилник. И кај неа го среќаваме двојниот идентитет на бунтовничка која може да излезе на крај со секого и во секаква ситуација, а од друга страна, се самосожалува свесна дека е жртва на сопствените тврдоглави постапки со кои само си го урива својот углед, а мисли дека ги казнува блиските што ѝ згрешиле.

Нивните двојни природи (едната вистинска, другата лажлива) се последица на светот околу нив кој исто така е суров, дволичен, нечовечен, неморален, без грижа и вистинска љубов за другите.

## Восприемањето на другите како живи емотивни единки

Во структурата на личноста на главните протагонистки од двата романа, како и во постмодерното општество особено внимание се посветува на излегувањето од стандардните форми на однесување и грижата за послабите и немоќните. Таа грижа особено се нагласува спрема некој кој сите го избегнуваат или кога некој ќе западне во неволја или болест.

Единствено Барбара од сите станари во зградата разговара со лудиот Бубуле, пријоѓајќи му како на специфично човечко суштество, со желба да го разбере неговиот посебен свет. Тој, пак, интуитивно чувствувајќи ја нејзината наклонетост, со радост ѝ се доверува: „Штом ме види никако не пропушта да ми постави некое од тие неговите мозочнопарателни прашања, а јас пак со цел памет се обидувам да му одговорам сериозно и во негов фазон. Може затоа му станав толку симпатична?“ (Тасевски, 2009: 16). Таа меѓусебна блискост се должи на нежната душа на Барбара, полна со разбирање за другите, за нивните емоции, мисли и страдања. Само таа можела да ја разбере неговата загриженост за светот и се согласувала со него за многу прашања, како што се: недостигот

на моралот, корумпираноста на општеството, изолираноста и себичноста на индивидуалците.

Таква е и јунакињата од романот на Тунч. Единствено таа од целото семејството продолжува да се грижи за својот татко инвалид, не напуштајќи го сè до неговата смрт. „Јас те сакам, тато. И да ти сум ти лута, понекогаш, многу те сакам...“ (Тунч, 2013: 269). Таа се сожалува и на судбината на болната од рак пријателка Ѓун, чувајќи ја и негувајќи ја сè до смртта. Несудената уметничка Ѓун, која и самата е отпадничка од општеството што „ги кудеше тие што ја одвратија од патот на идејата за револуција, ги пцуеше нестручните амбициозни луѓе, оние кои за мал интерес ги издаваат блиските...“ (Тунч, 2013: 209) карактерно беше многу слична со главната протагонистка. Тие заемно се разбираа и поддржуваа, заедно ја стишуваа својата лутина земајќи ја опасната дрога апсинт – наречена зелена самовила, а потоа потонуваа среќни во халуцинациите во кои веруваа дека „ќе се осветлува нивната темна дупка во огледалото и ќе им заличува како на иднина во извонреден филм...“ (Тунч, 2013: 217).

## Спонтано остварување на каква било цел (вклучително и на љубовта)

Спонтаните, непланирани природни реакции на случувањата околу нас се сметаат за карактеристики на збунетата, разочарана постмодерна индивидуа, но истовремено се и женски карактеристики. Такви се и размислувањата на Барбара кога вели: „Немам афинитети кон големи подвизи за доброто на светот, зашто тие секогаш носат големи страдања и за светот и за оној што ги поттикнал. Наместо тоа, загреана сум за оној свет што во себе го носат обичните луѓе“ (Тасевски, 2009: 180). А обичните луѓе според неа се животни со изразени потреби и нагони, кои кога-тогаш ќе излезат на виделина. Затоа таа го претпочита нивниот начин на справување со нештата, наместо наметнатите општествени кодекси кои ги смета за неприродни и неморални. За неа и љубовта е спонтана игра, без задни мисли или пазарење, која „Ја имаш сè додека ја играш, а кога ќе престанеш да си играш во љубовта, тогаш си стварно готов“ (Тасевски, 2009: 40). Играта е слободна и доброволна, таа е како што вели холандскиот филозоф Јохан Хојзинга „постара од културата“, таа е „она што го прави опстанокот вреден за сон и стремеж“ (цит. сп. Бауман, 2005: 291).

Во постмодерните релации и љубовта е сфатена како спонтано случување во кое живеењето во двојка не е обврзувачко, туку привремено. Постмодерните

индивидуи ја презираат идејата за заеднички дом, повеќе сакаат да ја задржат својата независност, своите интереси, како и тоа „да ги делат времето и просторот кога сакаат – но и да не ги делат кога не сакаат" (Бауман, 2013: 58). Слично размислува и јунакињата на Тунч кога признава: „Јас, всушност, до оваа моја возраст се заљубив во многу мажи. Останав во животот со убедувањата дека бев вљубена во некого. Но сепак кога се обидував да се заљубам во некого доживував порази... Јас не можев да се изгубам во љубовта. Јас се губев во животот... Набргу сфатив дека под детинестиот изглед на Осман се крие челична себичност, слабост што расплакува. Но, не признавав" (Тунч, 2013: 13). Таа свесно се труди да ја игра играта на љубовта, како што тоа го прави Барбара со секој свој клиент, но на крајот од романот сепак сфаќа дека потрагата по сродна душа е единственото важно нешто што ѝ носи радост и среќна е што ја пронаоѓа својата сродна душа во сличниот на неа Али, кој ѝ е потпора во нејзината макотрпна борба со корумпираниот мачоистички свет.

## Самопочит искажана преку обратната претстава за улогата на жената

Неретко во постмодерниот индивидуален пристап кон креирањето на уметничкото дело се среќаваме со обратната претстава на улогата на жената во општествениот свет. Уште во почетните страници од романот на Тасевски наидуваме на дијаметрално спротивно самопретставување на главна јунакиња – Барбара, од тоа што би се очекувало за женската популација. „Се викам Барбара... коренот на моето име потекнува од латинскиот збор barba што значи брада, така што преведено на нашки, јас би била Брадестата или во слободен превод Барбарката што е исто со Варварката, а ти Ч сигурно знаеш што означува тој збор. Дива жена во тесна кожа со којашто тешко дека ќе можеш да садиш тикви" (Тасевски, 2009: 20). Покрај борбеноста (која некогаш била сметана исклучиво за машка карактеристика) изненадува и присуството на разумно размислување, чувството за хумор и желбата за наобразба, што секако се коси со патријархалните претстави за жените како за необразовани. „Можеби на прв поглед не оставам некој впечаток на академик, ама за волја на вистината, имам прочитано неколку книги, богами сум изгледала и пар филмови" (Тасевски, 2009: 8).

Слични карактеристики поседува и протагонистката од романот на Тунч. Таа за себе вели: „Факт е дека од раѓање бев убава, но и проклета. Истовремено бев и многу интелигентна. Но, како и убавината, така и мојата интелигенција не

ми беше сè уште од корист. Или немав шанси каде ќе можам да ја искористам мојата интелигенција или пак не бев доволно интелигентна за да знам каде можам да ја искористам... “ (Тунч, 2013: 55) Иако во младоста таа е бунтовничка која им води инает на своите родители и не размислува многу (со што си нанесува штета само себеси), кога емотивно ќе созрее и ќе се најде во тесно, таа вешто го користи умот во опасната игра со началникот на внатрешни служби на Истанбул – Улучмудурдаји, не дозволувајќи да биде плен во неговите валкани канџи. Користејќи ја мимикријата, се преправа дека ги прифаќа неговите методи на уцени кои доаѓаат преку нејзиниот девер Теоман, но на крајот таа сепак ги надмудрува и ги казнува сите инволвирани во уцената.

И двата лика се свесни за своите вредности и не дозволуваат да бидат потчинети и згазени како што се постапувало со жените во минатото. Тие се полни со самодоверба, која кај Барбара е јасно видлива од секоја нејзина постапка, додека кај другата јунакиња се појавува пред крајот на романот кога сфаќа дека нема друг излез од неповолната ситуација освен бескомпромисна борба до крај.

## Вреднувањето на нештата единствено преку призмата на машкоста

Во средините во кои живеат двете протагонистки како основна форма на спознание се наметнува машката перспектива, според која една од највредните работи на овој свет се парите.

За машката популација тие се највредното нешто по кое страсно лудуваат некои од клиентите на Барбара. „Типот има една единствена страст – парите под перница, кои му значат повеќе од сè! Повеќе од фамилија и од било кои принципи или жртви кои треба да ги поднесе за да дојде до нив“ (Тасевски, 2009: 128). Со парите, според типично машката логика, се купува сè, секоја потреба, задоволство, па дури и среќата, почитта, наклонетоста и однесувањето на другите кон вас.

Парите, со кои директорот на внатрешни служби на Истанбул ја купуваше и ја принудуваше на секс главната протагонистка, се единствено важни и за Осман – нејзиниот маж, како и за Теоман – нејзиниот девер и сводник. За Осман, Улучмудурдаји „претставуваше пари со кои може сè да купи“ (Тунч, 2013: 373) – кариера, бизнис, почит. За Теоман „Улучмудурдаји претставуваше сè во власта“ (Тунч, 2013: 373) тој „единствено се грижеше за својата духовна, а пред сè материјална иднина, заедно со неговата ситна Лејла“ (Тунч, 2013: 373).

И двете протагонистки доведени до работ на егзистенцијата, Барбара поради расипништвото на својот поранешен маж, а јунакињата од романот на Тунч поради својот неспособен маж и алчната фамилија, се жртви на овие машки сфаќања дека парите се нешто највредно на светот за кои вреди да се жртвуваат и своите најблиски. Парите ги претвораат и двете протагонистки во предмети за трговија. Тие во очите на своите блиски и на целото општество се неморални индивидуи, со загубен углед, без право на избор, кои никој не ги почитува, ниту ги прашува за нешто. Но, ние се прашуваме дали всушност општеството е неморално и нехумано кога ги третира жените единствено како сексуален објект.

## Заклучок

Со рушењето на одредени патријархални вредности, обичаи и начини на однесување, облекување и „воспоставување на нови кои се во согласност со женската гледна точка или со составите кои им одговараат ним, започнува процесот на менување на патријархалниот свет“ (Попова, Воденичаров, Димитрова, 2002: 21). Кршејќи ги табуата, жените да размислуваат и делуваат самостојно, да се однесуваат спонтано – според своите чувства, да имаат самопочит и да не зависат од мажите, тие ги напуштаат старите форми на однесување (типични за патријархалните општества) и се свртуваат кон новите послободни постмодернистички начини на размислување.

Практичното спроведување на тој процес доведува до многу конфликти ситуации засновани на радикализација на женските идентитети, кои сосема неочекувано почнуваат да заземаат особини кои дотогаш биле сметани за типично машки. За да ги истакнат својата одлучност и намерата да ги спроведат промените докрај, жените се испровоцирани да се однесуваат брутално. Оттука можеме да го разбереме нивното шокантно однесување, карактеристично за сите ситуации и општества кои се наоѓаат во процесот на транзиција, кога се настојува да се променат стереотипните мислења за женската популација и женските права и должности.

Двете протагонистки од романите се имагинарни примери за состојбите во кои можат да се најдат жените во процесите на транзиција од патријархалните во таканаречените „постмодернистички“ општества. Тие се пркосни и храбри поливалентни индивидуи, неразбрани од својата средина затоа што се обидуваат да го сменат светот однесувајќи се сосема спротивно од тоа што се очекува од нив. Впуштајќи се во секакви врски и релации со секого, им пркосат на времето,

на општеството и на сите (вклучително и на нивните семејства) кои себеси се сметаат за благородни, иако немо го прифаќаат насилството упатено кон своите членови. Се чини како работите да се обратно поставени во патријархалните општества каде жртвите се прогласуваат за виновни, само затоа што нивното однесување излегува од рамките на вообичаеното, а виновниците се штитат со закони само поради тоа што се моќни мажи што владеат со светот. Но сите тие моќници, според сфаќањата на јунакињите, се лицемерни индивидуи кои замижуваат пред неморалноста на општеството.

